Ташко МАМУРОВСКИ

# РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА АТАНАС КОРОВЕШОВ (1918—1945)
## (По повод 40-годишнината од неговата смрт)

Меѓу најистакнатите македонски борци и активисти на организацијата НОФ (Народен ослободителен фронт) од егејкиот дел на Македонија што го положија својот живот во борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот народ, видно место зазема и Атанас Коровешов. Тој е роден во 1918 година, во селото Смрдеш, Костурско. По завршувањето на основното училиште во родното село, Насо (како што другарите нагалено го викаа), следејќи го примерот на својот татко Филип, почнал да се занимава со сточарска работа.

Во 1939 година грчките власти го повикале на отслужување на воениот рок. Бил распореден во една погранична единица.

Германско-италијанската и бугарската окупација на Грција и Егејска Македонија Насо ја дочекал подготвен. Уште од првите денови на фашистичката окупација тој се вклучува во групата комунисти, односно членови на КПГ која дејствувала во Смрдеш уште од пред Втората светска војна: Ламбро Чолаков, Ѓорѓи и Сократи Папајанови, Ламбро Митанов и други, и развива широка активност во борбата против окупаторот[1]).

Спомenaата група комунисти од родното село на Атанас Коровешов (која била поврзана со Д'мбенската партиска организација на КПГ), заедно со другите комунисти од селата Д'мбени, Габреш, Косинец, Брезница и др., во јуни 1941 година ор-

---

[1]) Според сеќавањата на Ламбро Чолаков, од село Смрдеш, Костурско, учесник во комунистичкото движење од пред Втората светска војна. За време на НОБ и Граѓанската војна во Грција бил активен учесник и истакнат раководител на НОФ во Егејска Македонија. (Изводоци од личната биографија на Ламбро Чолаков).

ганизирала свеченост по повод 38-годишнината од славната битка кај месноста Локвата и Винјари, каде што во 1903 година во времето на Илинденското востание, во нерамна борба со турскиот аскер загинале 13 востаници од селските чети, меѓу кои и неколку од селото Смрдеш. На местото каде што загинале востаниците бил одржан говор и положени венци[2]).

На 1 јули истата година, групата комунисти од селото Смрдеш, го искористила традиционалниот селски собир што секоја година се одржувал на местото Св. Врач, со цел да се манифестира отпорот против окупаторот во Костурско, во кој Атанас покажал посебна активност[3]).

Во есента 1941 година, Атанас го придружува стадото овци на својот татко и заминува на зимување во околината на градот Лариса. Тука Коровешовци имале свој имот и секоја година, со сопственото стадо, зимата ја поминувале во таа пасивна околија.

Кон крајот на 1941 и почетокот на 1942 година, во Лариса и околината се засилила активноста на КПГ. Комунистите од овој дел на Грција почнале да ги формираат првите групи на антифашистичкиот отпор, а мандрите на Коровешовци што се наоѓале на подножјето на планината Олимп, им служеле како основни упоришта за сместување и исхрана на овие групи. Атанас Коровешов заедно со Перикли Коровешов, Тодор Коровешов, Мичо Коровешов и други младинци, кои таа зима престојувале во мандрите, биле најпогодни снабдувачи на групите со храна, информации курирски работи итн. Подоцна овие групи биле расформирани со одлука на ПВ на ЦК на КПГ.

Летото 1942 година Атанас се вратил во родното село и веднаш се вклучил во работата на селската партиска организација на КПГ[4]). На Насо му била доверена функцијата одговорен по воени прашања. Тој неуморно работел за омасовувањето на партиската организација на КПГ во Смрдеш и заедно со

---

[2]) Види: „Локвата", „Винјари" и Лазо Поптрајков. Од нашето историско минато. Глас на Егејците, Скопје, 1951, јуни 2. бр. 10, с. 2. Истото: Според сеќавањата на Васко Макриевски, од село Смрдеш, борец во одредот „Лазо Трповски", секретар на партискиот комитет на КПМ во Првата ударна бригада на Македонците од Грција и заменик политички комесар во истата бригада. (Податоците се земени од личната биографија на Васко Макриевски).

[3]) Според сеќавањата на Мичо Каранцовски, од село Смрдеш; учесник во НОБ, секретар на младинскиот Реонски комитет на ЕПОН во Корештата, Костурско, а подоцна заменик политички комесар на чета во баталјонот на Караорман. (Извадоци од личната биографија на Мичо Каранцовски).

[4]) Види: Насо Коровешов. Нашите паднати борци. Глас на Егејците, Скопје, 1951, септември 4, II, Бр. 14, с. 4. Истото: Според сеќавањата на Ламбро Чолаков и Васко Макриевски...

другите членови на селскиот комитет на КПГ воспоставил тесни врски со околните села и со Околиската организација на КПГ[5]).

Кон средината на 1943 година, во кратко време во родното село на Атанас почнале подготовките за формирање партизански одред во чиј состав би влегле борците од селото Смрдеш и од другите околни села.

Во втората половина на август истата година, другарите Атанас Коровешов, Ламбро Чолаков, Ристо Шамандуров, Васил Макриевски, Пандо Шиперков, Тодор Коровешов, Мичо Коровешов, Перикли Коровешов, заминале во партизани[6]).

Во есента 1943 година, со формирањето на партизанскиот одред „Лазо Трповски", Атанас Коровешов активно се вклучил во неговите редови. Тој учествувал во сите борбени акции на овој одред сè до неговото расформирање[7]).

Во номеври—декември 1943 година, односно со формирањето на македонската антифашистичка организација СНОФ (Славјано-македонски Народноослободителен фронт) за Костурско, се појавиле членови и партиски раководители на КПГ во Костурско, кои уште од почетокот систематски работеле за ограничување на дејноста на СНОФ. Дури имало и такви алтернативи во дискусиите на раководството на КПГ, на чело на организацијата СНОФ во селото Смрдеш да се постави еден од неговите членови, по народност Грк[8])

Заслужува да се подвлече дека СНОФ во македонските села во Костурско скоро во целина ги заменил организациите на ЕАМ (Национален ослободителен фронт). Тоа била една од причините што Окружното раководство на КПГ не бирало начини и средства да го запре подемот на СНОФ. Раководството на КПГ често пати ги повикувало македонските раководители на СНОФ на партиска одговорност, ги застрашувало (особено најактивните членови), ја омаловажувало организацијата СНОФ итн[9]).

Во таквата политичка напнатост, кон крајот на ноември 1943 година во селото Смрдеш бил одржан состанок на активистите на отпорот во селото: Атанас Коровешов, Ламбро Чолаков, Пандо Шиперков, Васил Макриевски (партизани во одредот „Лазо Трповски"), Ламбро Митанов, Ѓорѓи Папајанов, Сократи Папајанов, Ванкето Шумандуров и Мичо Каранџовски (членови на реонскиот комитет на КПГ). На состанокот главно

---

5) Истото.

6) Според сеќавањата на Ламбро Чолаков, Васко Макриевски и Мичо Каранџовски...

7) Според сеќавањата на Милтијади Ковачевски, од село Смрдеш; еден од активните учесници во НОБ и ДАГ. Истото: сеќавањата на Васко Макриевски, Ламбро Чолаков и Мичо Каранџовски...

8) Истото.

9) Истото.

се расправало за односот на повисоките раководства на КПГ спрема македонските активисти на КПГ и СНОФ и бил осуден предлогот на чело на организацијата СНОФ во Смрдеш да биде поставен Грк. За одржаниот состанок веднаш бил информиран секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско Андонис Андонопулос—Перикли. Тој го оценил состанокот како илегален (иако официјално бил информиран). Во врска со тоа во седиштето на 28-от полк на ЕЛАС (Национално-народноослободителна војска) биле сослушани борците на одредот „Лазо Трповски" и членовите на Реонскиот комитет на КПГ од селото Смрдеш, учесници на состанокот, а потоа партиски опоменати[10]). Овј настан, подоцна бил искористен од секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско да „докажува" како Македонците во Костурско не биле сосема проверени сојузници на КПГ.

Подоцна, односно во пролетта 1944 година, борците на одредот „Лазо Трповски" биле вклучени во баталјонот „Вичо", кој влегол во составот на 28-от полк на ЕЛАС. Атанас Коровешов бил именуван за командир на првиот вод од втората чета на овој баталјон[11]). Тој учествувал во сите борби што ги водел баталјонот „Вичо" на теренот на планината Вичо. Од најзначајните можат да се истакнат борбите за разоружување на контрачетниците, нападот на германските позиции на планините Бигла и Вичо, прифаќањето и разоружувањето на ерменските единици што биле вооружени од Германците и распоредени на теренот Лерин—Корча и други. Насо за својата храброст и решителност бил ценет во баталјонот, а често пати и пофалуван[12]).

Но и покрај искреното настојување на македонските партизани, по пат на заедничка борба против окупаторот и домашните предавници да докажат дека се за заедничко и рамноправно живеење со Грците во овој дел на Македонија, раководството на КПГ и ЕЛАС во Костурско продолжило да води политика на сомневања и недоверба спрема македонските партизани. Тоа се чувствувало во секојдневниот живот кај маке-

---

10) Истото.

11) Види: Танас Вражански и Мичо Каранцовски, Смрдеш. Организационен одбор на „Првата Смрдешка средба". Скопје, 1976, с. 13. Истото: Според сеќавањата на Минчо Фотев, од Рупишта, Костурско, секретар на СКОЈ во Првата ударна бригада на Македонците од Грција, подоцна член на организационото раководство (Главен одбор) на НОВ и одговорен на НОМС за Егејска Македонија. По обединувањето на македонските и грчките партизански единици во ноември 1946 година станал член на Секретаријатот на Покраинскиот комитет на ЕПОН за Егејска Македонија и Тракија. Во март 1949 година е избран за член на Извршниот одбор на НОФ и претседател на Главниот одбор на НОМС за Егејска Македонија. (Податоците се земени од личната биографија на Минчо Фотев).

12) Истото.

донските борци и во организациите на СНОФ. Македонскиот патриотизам кај македонските партизани во ЕЛАС бил особено поттикнат и од престојот во април 1944 година на македонските партизански единици и делови на Главниот штаб на Вардарска Македонија во Корештата. Во контактите со македонските партизани од Вардарска Македонија се разгорувала желбата за формирање на посебни македонски единици во егејскиот дел на Македонија. Голем број македонски партизани што се наоѓале во составот на единиците на ЕЛАС, се распрашувале за можноста да преминат во македонските партизански единици од Вардарска Македонија. Подоцна тоа ѝ се случило. Кога македонските партизански единици од Вардарска Македонија го продолжиле патот кон Преспа и Караорман, со нив отишле и неколку младинци од селата под Вичо[13]).

На 16 мај 1944 година, во знак на протест поради опортунистичкиот став на КПГ и ЕЛАС спрема македонското национално прашање Атанас Коровешов, со група македонски партизани, која влегла во составот на баталјонот „Вичо", ги напуштила единиците на ЕЛАС и се приклучила во единиците на Главниот штаб на Македонија, односно во Првата македонско-косовска ударна бригада што стационирала на планината Караорман[14]).

Групата македонски партизани од Костурско, во почетокот била распоредена во Првиот баталјон на Македонско-косовската ударна бригада. Подоцона е формирана посебна чета чиј командир бил именуван Атанас Коровешов[15]).

Во јуни 1944 година, во составот на Првата македонска ударна бригада се приклучила уште една група македонски партизани од Костурско. Кон крајот на јуни истата година, борците од Костурско што влегле во составот на Првата македонска ударна бригада формирале посебен баталјон. Овој баталјон, за чиј командант бил назначен Атанас Коровешов е и првата поголема македонска партизанска единица составена од борци од

---

13) Истото.

14) Види: „Егејска Македонија во НОБ, 1944—1945., Т. I. Архив на Македонија, Скопје, 1971, док. 108, с. 122—123. Истото: Според сеќавањата на Васко Макриевски...

15) Според сеќавањата на Евдокија Баљова—Фотева (Вера), од село Д'мбени, Костурско, учесник и истакнат раководител во НОБ и ДАГ, заменик политички комесар на чета во Првата македонско-косовска ударна бригада, а од ноември 1944 година заменик политички комесар на чета во Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Од јули 1945 година секретар на Околискиот одбор на НОФ за Соровичка и Кајларска околија, а од мај 1946 година секретар на АФЖ за Леринско. Од ноември истата година, секретар на АФЖ за Егејска Македонија. (Извадоци од личната биографија на Евдокија Баљова—Фотева —Вера).

делот на Македонија под Грција[16]). До првата половина на јули, баталјонот дејствува во составот на Првата македонска бригада.

Во втората половина на јули 1944 година, односно по постигнатиот договор помеѓу КПГ и КПМ, баталјонот добро опремен со оружје и муниција се враќа во редовите на ЕЛАС[17]). По пристигнувањето на борците на теренот Вичо, македонското население им приредило одушевен пречек. Многу младинци доброволно стапиле во неговите редови.

На 2 август 1944 година во селото Поздивишта, Костурско, македонскиот баталјон бил преформиран и го добил името „Гоце“. Командниот состав на Штабот на баталјонот го сочинувале Димитар Тупурковски, началник на Штабот; Илија Димовски—Гоче, командант на баталјонот; Ристо Коленцев—Кокинос, политички комесар, а Атанас Коровешов останал како член на Штабот[18]). Но ваквиот состав на Штабот на баталјонот не траел долго. По кратко време биле извршени нови промени.

Но и покрај постигнатиот договор помеѓу КПГ и КПМ, раководството на КПГ и ЕЛАС во Костурско настојувало по секоја цена да го расформира баталјонот „Гоце“. Во почетокот тоа побарало од поранешните македонски членови на КПГ и борци на ЕЛАС да дадат изјава со која ќе го осудат преминувањето на македонските партизани во единиците на Вардарска Македонија. Исто така тие со наредба им забраниле на македонските борци да носат петокрака и црвена шамија преку вратот, да не се поздравуваат со стегната тупаница, да ги избегнуваат командите на македонски јазик и да не примаат нови борци во баталјонот без одобрување на раководството на КПГ и ЕЛАС. Често пати функционерите на КПГ одржувале состаноци со најактивните македонски борци и командири на чети и водови и ги „убедувале“ дека тие се на погрешен пат[19]).

Рапидното зголемување на бројот на борците во баталјонот, сериозно ги загрижил партиските и воените раководства на КПГ и ЕЛАС. Тие почнале со инфилтрирање на свои луѓе во баталјонот и тоа од редовите на македонските партизани што влегле во составот на единиците на ЕЛАС. Но македонските борци како да чекале да дојдат во македонскиот баталјон. Тие

---

16) Според сеќавањата на Васко Макриевски и Евдокија Баљова—Фотева (Вера)...

17) Писмо од Благоја Талески, секретар на Вториот областен комитет на КПМ од 30 јули 1944 година, до полномоштвото на ЦК на КПМ во Скопје. Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941—1945. Т. I, кн. 5. ИНИ, Скопје, 1975, док. 26, с. 102.

18) Според сеќавањата на Евдокија Баљова—Фотева (Вера), Васко Макриевски и Минчо Фотев...

19) Истото.

„откажувале“ послушност, а со тоа го афирмирале македонскиот патриотизам[20]).

Во октомври 1944 година раководството на КПГ и ЕЛАС дало наредба за спојување на четите на Баталјонот во другите единици на ЕЛАС, односно за нивно префрлување во внатрешноста на Грција, наводно за да се зајакнат единиците на ЕЛАС на овој терен. Целта била откриена. Се работело за расформирање на Баталјонот. Борците на Баталјонот енергично се спротивставиле на таквата неоправдана одлука на КПГ и ЕЛАС и во знак на протест повторно преминале на територијата на Вардарска Македонија[21]). Во селото Драгош, Битолско, е формиран специјален баталјон, со задача илегално да се врати на теренот на Вичо и Костурско, односно да учествува во операциите за ликвидирање на германските единици што се повлекувале од Албанија, а потоа да ги посети македонските села во Костурско и да одржува митинзи во кои ќе се манифестираат барањата на македонскиот народ за извојување на своите национални и социјални права во рамките на грчката држава. Командант на овој баталјон бил Атанас Коровешов. Баталјонот одржал неколку митинзи и манифестации во селата од Корештата, а потоа во селото Желево, Леринско, Брезница, Косинец, Лобаница, В'мбел, Смрдеш, Костурско и други[22]).

Но, уште од преминот на Баталјонот на територијата на Леринско и Костурско, раководството на КПГ и ЕЛАС ги мобилизирало своите единици за неговото спречување. Првата средба на Баталјонот со една единица на ЕЛАС се случила на Бела Вода, над селото Герман. Таму се сретнале штабовите на двете единици и сè се завршило без инциденти. По завршувањето на првиот ден од маршот, односно пред заминувањето на теренот на Корештата, борците на Баталјонот се наоѓале на одмор во селото Смрдеш. Вториот ден од одморот, односно на 29 ноември 1944 година, Баталјонот бил ненадејно нападнат со минофрлачки и митралески оган од една поголема единица на ЕЛАС[23]). По овој судир, Атанас со својот баталјон преминал на територијата на Албанија и преку селата Врбник, Битинско, Трени, Ѕвезда и Пустец пристигнал во слободна Битола каде што се вклучува во штотуку формираната Прва ударна бри-

---

[20]) Истото.

[21]) Незадоволството на Македонците дојде поради готовноста на КПГ и ЕАМ да учествува на Либанската конференција за формирање на коалициона влада, поради што и следеше забрана на македонските организации СНОФ и СНОВ и на нивниот македонски револуционерен печат. Види: Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940—1944). ИНИ, Скопје, 1968, глава осма, с. 190—197.

[22]) Според сеќавањата на Васко Макриевски и Мичо Каранџовски...

[23]) Истото.

гада на Македонците од Грција составена од борци од Леринско, Костурско, Воденско, Кајларско и други[24]). Атанас и понатаму останал командант на Баталјонот. А кога Првата ударна бригада на Македонците од Грција заминала за Западна Македонија, тој со успех го води својот баталјон против остатоците на балистичките банди на овој терен.

По спогодбата во Варкиза (12. II. 1945 година) чиј резултат е дефинитивна капитулација на единиците на ЕЛАС, грчката реакција, која станала господар во земјата, со сите сили се нафрлила против демократското движење во Грција, а пред сѐ против Македонците за нивно физичко истребување. Под такви, многу тешки услови, се појавила потребата за формирање на организација која ќе застане на чело на борбата на македонскиот народ. За исполнување на таа цел, на 23 април 1945 година е формирана македонската антифашистичка организација НОФ на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Атанас Коровешов бил еден од основачите на таа организација и бил избран за член на Организационото раководство (Главно раководство) на НОФ — одговорен по воени прашања[25]).

Кон крајот на јули 1945 година, Атанас Коровешов, како член на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија, заедно со други активисти на НОФ, заминува за Гуменџиска и Ениџевардарска околија со цел да укаже помош во омасовувањето на НОФ во овие околии.

Во првата половина на август истата година, Атанас Коровешов, предводен од куририот Трајан Ајтов, роден од село Баровица, Гуменџиско, откако пристигнал на планината Пајак, односно во јавката над селото Баровица, веднаш се зафатил со работа[26]). Подоцна, тој заедно со другарите Тодор Анастасов, Ристо Крлев и Божин Каранфилов, со една група борци на НОФ од околу 10 члена, заминува директно за Ениџевардарско, односно за селото Корнишор, додека другите другари: Иван Ничев, Иван Ковачев—Орфеас и Кочо Хаџигеоргиев — членови

---

24) Види: Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ во Скопје Скопје, 1973, дел III, (бисти), с. 10. Ракопис, се чува во ИНИ.

25) Види: Записник од седницата на Секретаријатот на Главното раководство на НОФ од 19 јули 1945 година. „Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II. Архив на Македонија, Скопје, 1973, док. 90 с. 167—172. Истото: Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ, с. 13—14. Трудот се наоѓа во приватната архива на авторот.

26) Извештај од Танас Коровешов до Главното раководство на НОФ за воено-политичката ситуација и дејноста на НОФ во Гуменџиско и Ениџевардарско. „Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 116, с. 222—224.

на Околискиот одбор на НОФ за Гуменциско — останувaат во Гуменциска околија[27]).

Атанас Коровешов и неговите другари, откако пристигнале во селото Корнишор, веднаш се поврзале со стариот македонски активист дедо Иван Богданов. Тој им нашол место за јавка. По два—три дена тие се поврзале со селото Крушари, близу до Енице Вардар. Дедо Иван Богданов, веднаш им забележал на илегалците дека јавката во селото Корнишор не е сигурна и дека треба што поскоро да се префрлат на друго, посигурно место. Многу селани од Корнишор и Крушари знаеле за нивното доаѓање, а имало и лица кои биле непријателски настроени спрема македонското ослободително движење. Затоа, дедо Иван Богданов, правилно им сугерирал на другарите да си одат што побрзо од тоа место за да не паднат во рацете на монархофашистите. Но илегалците не обрнале внимание на неговите предупредувања. Тие влегле во селото Крушари и извршиле организациона задача. По нивното враќање во јавката, неколку илегалци на чело со Ристо Пучепов биле испратени во околните места за да соберат храна[28]). Групата илегалци, одејќи за храна по пат забележала една монархофашистичка единица, но не ѝ обрнала посебно внимание и, заобиколувајќи ја војската, го продолжила патот по определениот правец. Илегалците најверојатно не знаеле дека потерата на монархофашиститe била организирана против нив.

Во јавката се наоѓале другарите: Атанас Коровешов, Коста Цинов—Бабјанчето[29]), Тодор Анастасов, Ристо Крлев, Божин Каранфилов и Атанас Љувчев[30]).

---

27) Според сеќавањата на Иван Ничев—Мирче, од град Гуменџе, секретар на Окружниот одбор на НОФ за Гуменциска и Еницевардарска околија. (Извадоци од личната биографија на Иван Ничев—Мирче).

28) Види: Т. Атанасов, Првото крварење на НОФ. Глас на Егејците, Скопје, 1951, септември, 4, II, Бр. 14, с. 4. Истото: Според личните сеќавања на Ристо Крлев, од село Барвица, Гуменциско. Секретар на НОФ за реонот Тудурче.

29) Коста Цинов (Бабјанчето) роден е во 1916 година, во село Бабјани, Еницевардарско, по занимање земјоделец. Во јули 1943 година е организиран во ЕАМ, а потоа станува член на КПГ. Во април 1944 година станува член на Реонскиот комитет на КПГ за селото Калиница, Еницевардарско и партиски раководител во четири села: Бабјани, Мавреjново, Мандалево и Дреново. Во септември истата година е исфрлен од својата функција, најверојанто како „автономист“. Кон крајот на март 1945 година влегува во редовите на македонското народноослободително движење. Подоцна станува член на Околискиот одбор на НОФ за Еницевардарско. На 2 септември 1945 година е предаден заедно со другите другари. Падна херојски во борбата со монархофашистите. Види: Извештај на Лазо Поплазаров до Главното раководство на НОФ „Егејска Македонија во НОБ, 1945“, Т. II..., док. 145, с. 273—274.

30) Атанас Љувчев е роден во 1921 година во село Баровица, Гуменциско. Во октомври 1942 година е организиран во КПГ. Во 1943 година работи како одговорен на организацијата ЕТА во своето родно

На 2 септември 1945 година, ноќта, монархофашистите пристигнале близу до јавката на илегалците и веднаш ја обиколиле. Другарите не знаеле за нивната опасност. Прв стражарел Атанас Коровешов. Долго време тој стражарел, но ништо не забележал. Него го заменил Атанас Љувчев. Кога почнало да се разденува, Атанас Љувчев, трчајќи, почнал да вика: „Другари сардисани сме...“ Илегалците, изненадени, веднаш го фатиле правецот кон селото Корнишор. Атанас Љувчев, како најмлад во групата, прв испаднал на мегдан. Монархофашистите, пукајќи по него, смртно го погодиле. И Божин Каранфилов, кој држел автомат, исто така отворил оган против монархофашистите. Во нерамната борба загинале уште двајца раководители на организацијата НОФ: Атанас Коровешов и Коста Цинов—Бабјанчето. Тодор Анастасов успеал да се засолни под една густа капина[31]). Исто така успеале да се спасат Ристо Крлев и Божин Каранфилов.

По кратко време, Ристо Крлев, откако се извлекол од опасноста, пристигнал во главната јавка на раководството на НОФ, на височината Гандач. Таму го сретнал Лазо Поплазаров, одговорен кадар на НОФ и подробно му раскажал за трагедијата на своите другари[32]).

Наскоро, на височината Гандач пристигнале и другарите Тодор Анастасов и Божин Каранфилов.

Истиот ден, односно на 3 септември, монархофашистите ги натовариле на коњи загинатите раководители на НОФ и ги спровеле во Енице Вардар за да го плашат народот.

Така загинал Атанас Коровешов, еден од најверните синови на македонскиот народ, а заедно со него и Коста Цинов—Бабјанчето и Атанас Љувчев, предани борци на македонското антифашистичко движење во времето кога му биле најпотребни на својот народ.

---

село. Во април 1945 година влегува во редовите на македонското ослободително движење. Во мај истата година влегува во воената група на НОФ на планината Пајак. На 2 септември 1945 година е предаден заедсо другите другари. Загинал херојски близу селото Корнишор, Еницевардарско. Истото.

[31] Т. Атанасов, Првото крварење на НОФ..., Истото; Христо Андоновски, Збогум Насо и Коста. Иселенички календар, Скопје, 1969, с. 160.

[32] Види: Извештај од Лазо Поплазаров до Главното раководство на НОФ за ситуацијата во Гуменџиско и Еницевардарско. „Егејска Македонија во НОБ, 1945“..., док. 145, с. 272. Истото: Според сеќавањата на Ристо Крлев...

Taško MAMUROVSKI

# THE REVOLUTIONARY ACTIVITY OF ATANAS KOROVEŠOV (1918—1945)


## Summary

Atanas Korovešov was one of the most eminent Macedonian fighters and organisers of the Macedonian liberation organisation NOF of Macedonia from the Aegean part of Macedonia he devoted all his life to the struggle for national and social liberation of his people.

He was born 1918 at the village of Smrdeš, the Kostur region. Since his youth he took part in the Macedonian national and liberation movement. His national feelings love towards his people were expressed especially during the Second World War. He joined the unites of ELAS fighting against the invadors. In May od 1944 together with a group of Macedonian fighters he left the units of ELAS and came to the Vardar part of Macedonia becomming i commander-in-chiet of a batallion of the First Macedonian Brigade.

Later on Korovešov goes back to the Aegean part of Macedonia to continue the struggle forming the first Macedonian Brigade of the Macedonians under Greece. With the establischment of the Macedonian liberation organisation NOF of the Macedonians in the Aegean part of Macedonia Korovešov became one of the members—founders belonging to the close leadership.

On September 2, 1945 he was surrended and killed together with a few of his friends by the Greek genderms near the village of Kornišar, Enidže Vardar.